


Nansen Dialogue Centre
SKOPJE

# *Извештај од евалуација на Нансен моделот за интеркултурно образование во ООУ „Гоце Делчев“- Гостивар, изработен од проф. д-р Хана Салиу*

**февруари, 2019**

# И З В Е Ш Т А Ј

Мултикултурните општества се општества каде што преовладуваат разновидни култури и јазици, богати општества каде што секогаш има нешто за учење и кои даваат шанса за развој и на општеството и на самата единка која се раѓа, се развива и живее во мултикултурна средина. И Р. Македонија е земја каде разновидноста на културите и јазиците е распространета во секој дел од земјата. Поаѓајќи од овој факт тимот на Нансен Дијалог Центар Скопје разви модел за интеркултурно образование со цел, мултикултурноста која преовладува во нашата земја, да се употреби за позитивен развој на младите генерации. Нансен Дијалог Центар Скопје веќе десет години работи на развивање на својот модел за интеркултурно образование, кој е проширен и се спроведува во повеќе училишта во Р. Македонија каде наставата се одвива на два или три јазика.

Активностите кои Нансен моделот за интеркултурно образование ги спроведува во модел училиштата низ Р. Македонија се реализираат како воннаставни активности. Во рамки на овој проект е спроведено истражување со цел да се набљудува дали активностите за интеркултурно образование се спроведуваат по предвидениот план на активности. За време на набљудувањето се обрна внимание на тоа дали поставените цели на Нансен моделот се спроведуваат во практика. Некои од тие цели се: развивање на нови вештини; збогатување и стекнување на нови знаења; градење на самодоверба како и промовирање на комуникација; социјализација; дијалог; толеранција и надминување на стереотипи и предрасуди; решавање проблеми; креативност; критичко мислење. Истражувањето е реализирано во основното училиште “Гоце Делчев“ во Гостивар после пет годишно спроведување на Нансен моделот за интеркултурно образование. Главна цел на истражувањето е: *Проценка на реализацијата на воннаставните активности по Нансен моделот за интеркултурно образование согласно дефинираните глобални цели.* За таа цел во ООУ „Гоце Делчев“ во Гостивар, кое е и првото модел училиште каде почнал да се спроведува Нансен моделот, се реализираше набљудување на 11 тандеми кои ги спроведуваат воннаставните активности. Од реализираните набљудувања, 8 набљудувања се спроведени во одделенска настава и 3 во предметна настава. Набљудувањата се спроведени во период од 3 месеци, почнувајќи од месец октомври до месец декември 2018.

Набљудуваните активности беа реализирани во следниве секции: три беа Еко-секции реализирани со ученици од трето одделение, една секција беше на тема Запознај ја Македонија која се реализираше со ученици од второ и трето одделение; активности во рамки на секцијата

Мир и толеранција се реализираа во два тандеми од четврто одделение; една набљудувана секција беше Мали конструктори со ученици од четврто одделение; една Драмска секција реализирана со ученици од второ одделение; три тандеми од предметна настава имаа секции со активности за запознавање на учениците преку спорт и музика.

Во нашата земја не се дава значење и воопшто не се посветува внимание на амбиентот каде се реализира наставата и каде се случува развојот на когнитивниот, емоционалниот, социјалниот и личносен аспект на нашите деца, додека тоа од психолошки аспект претставува важен елемент. Повеќето од училниците во училиштата во нашата земја се опремени само со најнеопходните средства (табла, клупи и столици) и не личат на место каде детето ќе се чувствува пријатно и опуштено и не се средини во кои може да се поттикнува развој на креативноста и на критичкото мислење кај учениците. Недоволната опременост на училниците влијае врз продуктивноста, насочувањето на вниманието и емоционалниот аспект на учениците. За разлика од повеќето училишта во нашата земја училниците во ООУ „Гоце Делчев“ во Гостивар личат на училниците во развиените земји. Тие се опремени со разни дидактички средства кои се неопходни за работа во образование кое образува и едуцира деца кои треба да се оспособуваат да живеат во 21 век. Тие дидактички средства им помагаат на учителките заедно со децата да изработуваат разни продукти во рамките на различни предмети и теми, а истите беа изложени по ѕидовите на училниците на двата јазици на кои се одвива наставата во тие училници. Секој тандем пред влезот на училницата го имаше ставено симболот на тандемот зависно од избраната секција и секој ученик беше претставен со име, а исто така и учителките од тандемот. Ѕидовите од училницата беа украсени со изработките на децата од двете одделенија и на двата јазика. Учителките кои работеа во тандем соработуваа и во рамки на редовната настава така што повеќето од делата беа на истата тема, на двата јазика, за да децата можат да се запознаат со зборовите на другиот јазик. Секојдневното изложување на децата кон тие стимулси доведува до учење на нови информации и нови зборови без вложување на дополнителен напор и труд.

Клупите во училниците каде што се реализираа активностите беа распоредени за работа во групи. На тој начин почнуваше секој час кој беше набљудуван, со поделба на учениците во групи. Поделбата се правеше или со извлекување на жетони или со извлекување на ливчиња со различни бои или со броеви. Групите кои беа подолго време заедно веќе имаа оформени групи кои беа мешани и по етнички карактер и по пол, а секој ученик ја знаеше и групата и местото каде треба да седне и добро ги познаваше другарчињата со кои соработува при секоја активност. Тоа придонесуваше и за економично користење на времето и групите секогаш беа мешани по

етникум и пол што понекогаш не беше случај при случајно распределување на учениците, бидејќи стануваше збор за мал број на ученици. Во зависност од предвидената активност за таа секција, учителките тандеми, поттикнуваа тимска работа. Во рамки на формираните групи имаше активности кои се реализираа групно, во пар или индивидуално, зависно од продуктите кои требаше да се изработуваат во текот на тој час.

По поделбата во групи секој час продолжуваше со креативна и продуктивна игра осмислена од страна на учителките, со што учениците добиваа можност да се искажат, да се забавуваат и се креираше пријатна, но натпреварувачка и мотивирачка атмосфера помеѓу групите на ученици, затоа што игрите беа осмислени така да има еден победник на крајот на играта, така што тоа придонесуваше помотивирани да продолжат со следните активности. Овие игри им помагаа на учителките да ги внесат учениците во темата која ќе се работи за време на тој час на еден спонтан и забавен начин. Игрите кои беа избрани за да се започне часот, беа согласно темата која требаше да се реализира за време на тој час. Се користеа игрите Меморија, Влечење на животни од барабан, Асоцијација, Топло – Ладно, Сложувалка и др. Овие почетни игри не служеа само за забава, туку играјќи децата го вежбаа и подобруваа помнењето и се здобиваа со нови информации за разни теми. Во текот на игрите секој ученик се вклучуваше во игра и секој  даваше максимален труд за да победи неговата групата.

Учителките кои работеа како тандем, за реализација на овие активности добро се координираа и се надополнуваа меѓу себе за време на активностите. Часовите се реализираа на двата јазика така што едната учителка почнуваше да објаснува на еден јазик, а потоа продолжуваше другата учителка да ги објаснува истите информации на другиот јазик. Учителките во сите тандеми секогаш беа насмеани, добро расположени, соработуваа помеѓу себе, се трудеа да одговорат на барањата на секој ученик без разлика дали е нивен ученик или ученик од другата колешка, што дава впечаток дека за време на овие активности имаат индивидуален пристап кон учениците, се обидуваа да ги активираат сите ученици, им помагаа на учениците при обработката на задачите ако тоа беше потребно, беа активни и мотивирачки за време на целиот час. Овој став на учителките, позитивно се рефлектираше и во однесувањето и расположението на учениците. За секој час сите тандеми кои беа набљудувани имаа подготвено дневен план на активности кои се реализираат во текот на часот.

Некои од часовите продолжуваа со дискусија за темата која требаше да се обработува за да се дојде на спонтан начин до предметите кои ќе се изработуваат за време на часот. Некои од часовите пак продолжуваа со прикажување на видео снимки во врска со темата или со

изложување на децата на музика или звуци во зависност од продуктите кои требаа да се изработуваат како активност. Во денешно време децата се многу склони кон користење на технологијата и во тоа уживаат повеќе отколку во учење. Овој факт за време на овие часови беше користен на многу продуктивен и поучен начин. Повеќето од тандемите користеа интернет и компјутер за да им пружат на учениците додатни информации за реализација на активностите што придонесе децата да сфатат дека интернетот може да се користи и треба да се користи за учење. Во повеќето тандеми на учениците за време на активноста им се пушташе или музика во врска со обработената тема (на п.р. музика на Викинзи или на разни народни инструменти) или ако немаше можност темата да се претстави со музика тогаш се пушташе класична музика. Тоа придонесуваше во училницата да доминира една пријатна, релаксирачка и мотивирачка атмосфера. Со користење на овие средства кај учениците се поттикнуваа визуелното и аудитивното меморирање на информациите кое е многу поефикасен начин на учење отколку пасивното примање на информациите дадени од страна на учителката, како што се случува во класичната настава. Активностите не беа класични часови каде учителката раскажува за одредена тема додека учениците слушаат, туку учителките беа само стимулатори и насочувачи на активностите.

Овие часови освен визуелно и аудитивно стимулирање на учениците, имаа за цел и развивање на нови мануелни вештини кај учениците како што се сечење, лепење, составување. После развивањето на дискусија за предвидената тема, сите набљудувани часови (освен часовите со вежби за запознавање) продолжуваа со поставување прашања околу предметите кои требаше да се изработуваат од страна на групите за тој час. Секој ученик имаше подеднакви шанси да го изрази своето мислење и да даде одговор на поставените прашања. Откако учениците ќе се воведеа во главната тема на часот, на секоја група во повеќето тандеми по случаен избор преку игра и се доделуваа разни материјали подготвени од страна на учителките за изработување на предметите кои беа предвидени во рамки на дневната тема. Секоја група имаше за задача да изработува еден продукт (некогаш како цела група, некогаш во пар, а некогаш и индивидуално). Предметите кои се изработуваа соодветствуваа со темата и беа како составни делови на истата тема или споредба на тоа што е правилно и неправилно (еден тандем во рамки на Еко секција изработи чиста река и загадена река за децата да ја воочат разликата). Споредбата на изработените предмети и идентификувањето на предметите кои припаѓаат и ја опишуваат истата тема кај учениците развива способност на синтеза, анализа, класификација, вреднување и споредување, вештини кои придонесуваат за развивање на критичкото мислење.

Во повеќето активности учениците беа поттикнувани и мотивирани од страна на учителките не само да се трудат да ја довршат задачата која ја имаа за тој час, туку и изработениот предмет да изгледа убаво, што придонесува кај учениците да се развива и чувството за естетика. Сите изработени дела беа ставени и изложени во училницата каде учеа, така што атмосферата во просторијата стануваше топла, мотивирачка и репрезентативна. Учениците кои завршуваа со изработката на нивните предмети беа мотивирани да им помогнат на другите ученици (кај учениците кои подолго време работеа заедно учителките немаше потреба да ги насочуваат за да им помогнат на другарчињата, тие сами одеа да помагаат). Тие слободно одеа кај другите групи, ги набљудуваа и ако им беше потребна помош им помагаа.

По завршувањето на изработката на предметите предвидени како активност за тој час, секоја група ја презентираше изработената задача. По презентацијата групата се мотивираше со аплауз од целиот клас и со пофални зборови од страна на учителките. Учениците се чувствуваа вреднувани, креативни, способни и важни, што се забележуваше од нивната невербална комуникација. Секој набљудуван час, по презентацијата на делата, продолжуваше со завршна игра каде учествуваа сите ученици заедно. За тоа време учениците беа многу расположени и активни, така што често бараа играта да се повтори. Понекогаш игрите поттикнуваа и натпреварувачки дух кај учениците, затоа што на крај на играта се прогласуваше еден победник на ниво на групи, или пак во еден тандем се доделуваа награди во зависност од успешноста на групата.

По завршувањето на активностите сите ученици заедно го средуваа просторот каде што работеа. Ги ставаа работните материјали на своите места и ја чистеа просторијата заедно, сите групи помагајќи една група на друга, што покажува дека за време на овие часови учениците се учат и на почитување на другите, чување на заедничката просторија и заедничките наставни материјали (предмети), развивање навика и одговорност за чување на заедничкиот амбиент.

Иако часовите беа ограничени со време, заради пријатната емоционална и мотивирачка атмосфера која владееше за време на овие активности секој пат часот се продолжуваше и траеше подолго по барање на самите ученици. Во ниеден момент за време на овие воннаставни активности не се забележуваше замор или досада кај учениците. Тие беа активни и со полно внимание следеа сѐ што се случуваше во текот на часот. За возраста на децата кои беа набљудувани тоа не е честа појава, затоа што вниманието на децата од 8-9 години е околу 30-40 мин, додека за време на овие чесови децата беа концентрирани подолго од предвиденото време (до 50-55 мин.). Ова беше резултат на начинот на кој беа организирани часовите. Тоа што секој

час кој беше набљудуван почнуваше со воведна игра, продолжуваше со дискусија, па со практична работа и завршуваше пак со игра, придонесуваше децата да не се под стрес и анксиозни, а тоа пак доведуваше до владеење на позитивни емоции кај нив (да се сакаат овие часови и да се присуствува со желба на овие часови) како и да се учат нови информации и вештини без присила. Спроведените активности кај децата поттикнуваа креативно мислење, додека кај некои набљудувани часови со прашања кои бараа по длабинско и аналитичко размислување се поттикнуваше и развој на критичкото мислење кај учениците.

Во сите тандеми за успешно извршување на задачата беше потребно тимско работење на учениците кои работеа во иста група и со тоа се поттикнуваше тимската работа, соработката, меѓусебното помагање помеѓу учениците. Со работењето во групи кај учениците се развиваше групната кохезија, чувство на припадност, чувство на важност и чувството на одговорност.

На повеќето од часовите кои беа набљудувани учителките се трудеа да обрнат внимание на секој ученик, за секој да има можност да се изрази себеси и да го изрази своето мислење без да се плаши од исмејување и предрасуди и тоа се забележуваше јасно, со тоа што во класот владееше пријатна атмосфера, со можност за изразување на секој ученик, што придонесуваше кон развој на поголема самодоверба и самопочит кај учениците. Исто така, учениците беа слободни во секој момент да поставуваат прашања ако нешто не им беше јасно или ако сакаа да имаат повеќе информации околу темата која се најавуваше за тој час. Учителките по сите тандеми беа отворени, љубезни и трпеливи за да одговорат на секое прашање поставено од страна на учениците со благ тон на гласот и љубезно. Овој став и начин на однесување на учителките кај учениците поттикнува развој на подобра комуникација ученик – наставник, развој на самодовербата кај учениците, поттик за слободно изразување, намалување на стравот од грешка и исмејување, надминување на срамежливоста кај учениците кои се по природа по интровертни и нивно отворање и социјализација.

Учителките кои имаа поголемо искуство со овие активности и кои подолго време беа вклучени во проектот почесто ги поврзуваа информациите кои ги учеа децата на овие часови со информациите кои ги учат или ги имаат учено за време на редовната настава, што значи дека овие вонннаставни активности им помагаат на учениците и за учење на информации и во редовната настава. На повеќето од часовите на крај на часот се даваше feedback (повратна информација) за активноста, кој е еден вид на поттик за учениците и помага кон донесување на заклучоци и вреднување на часот. Тоа придонесува кон развој на критичкото мислење кај

учениците кое исто така се поттикнуваше и со мотивирање на учениците да поставуваат прашања на одредени теми, кои беа изработени за време на секциите.

Во поновите тандеми учениците комуницираа меѓу себе или невербално или на англиски, додека во постарите тандеми учениците веќе знаеја некои зборови за да комуницираат вербално меѓу себе. Тоа ни кажува за уште една друга придобивка кои децата ја имаат од учеството на овие активности. Тие учат еден јазик со кој секојдневно се среќаваат, така тоа може да придонесе за подобра и поздрава комуникација помеѓу нив. Учењето јазик има влијание и во развојот на мислењето. Многу термини и концепти кои се присутни на еден јазик не се употребуваат на некој друг јазик, така да учењето на јазици на децата им го проширува дијапазонот и начинот на мислење.

Од набљудуваните тандем групи три тандеми беа од предметна настава. Овие тандеми беа нови и од неодамна почнале да ги практикуваат воннаставните активности со учениците, затоа активностите кои ги развиваа беа со запознавачки карактер. Наставниците кои беа вклучени во тандеми беа многу мотивирани за работа и тоа се рефлектираше и кај учениците. Наставниците беа добро подготвени за активностите, добро се координираа меѓу себе и успешно го спроведуваа предвидениот дневен план на активности. Бидејќи учениците порано немаа учествувано во ваков вид на активности ги следеа точно инструкциите на своите наставници и беа многу помирни и поограничени во нивното однесување во споредба со учениците од одделенска настава кои слободно се движеа по просторијата, прашуваа, го искажуваа своето мислење. Кога се набљудуваше работата на почетните тандем групи подобро можеше да се увиди придонесот на воннаставните активности организирани од страна на Нансен Дијалог Центар Скопје. Во тандем групите кои подолго време беа вклучени во овие воннаставни активности се забележуваше поголема спонтаност, попозитивна емоционална клима, поголема комуникација помеѓу учениците (иако понекогаш тоа беше и невербално), учениците беа поотворени за прашања, дискусија и комуникација со учителките и нивните другарчиња.

За време на истражувањето беше направено и кратко интервју со учителките и наставниците за да се воочи во повеќе детали придобивката од овие воннаставни активности. При интервјуата скоро сите наставници изјавија дека се многу задоволни од работата и дека уживаат во овие часови, но го истакнаа и фактот дека подготовката за овие часови бара и повеќе труд и работа. Секој тандем правеше поделба на обврските околу часот така што тие беа максимално концентрирани и ефикасни за време на овие активности. Тие изјавија дека семинарите следени во Нансен Дијалог Центар Скопје им даваат идеи и им помагаат и за

реализација на активности и во редовната настава, така што сите се изјаснија дека со задоволство би присуствувале и на други семинари и работилници. Една од придобивките на овој проект, според учителките, беше и тоа што не само дека децата се зближувале и се запознале повеќе меѓу себе, туку и самите учителки се зближиле и почнале да контактираат повеќе и во приватниот живот. Во еден клас имало деца кои во почеток не присуствувале во овие активности, но после некое време сами родителите на тие деца пројавиле желба и интерес за нивните деца да учествуваат во ваквите активности. На некои часови каде на учителките за реализација на активностите им треба помош од родителите, изјавија дека родителите им се на располагање за помош. Сите овие елементи укажуваат на позитивното влијание на Нансен моделот за интеркултурно образование и дека овој модел треба да се прошири и да се спроведува и во други мултикултурни училишта во нашата земја.

**Проф. д-р. Хана Салиу**